12-10/6
04.03.2011

Врз основа на член 71 став 2, алинеа 4 и 104, став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09 и 99/2009 и 115/2010 година), Одборот за акредитација на 35. седница одржана на 24.02.2011 година донесе

# РЕШЕНИЕ

**со кое се акредитираат тригодишните студии за третиот циклус докторски студии по стоматологија за студиски програми, Протетика ,Превентивно-реставративна стоматологија и ортодонција, Орална и максилофацијална хирургија и Орална патологија и пародонтологија на Стоматолошкиот факултет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитираат студиски програми од третиот циклус докторски студии по стоматологија,подрачје на истражување медицински науки и здравство, научно истражувачко поле, стоматолошки науки за студиските програми **Протетика, Превентивно-реставративна стоматологија и ортодонција, Орална и максилофацијална хирургија и Орална патологија и пародонтологија,** на Медицинскиот факултет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, согласно Класификацијата на научно истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2010, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за четири студиски програми за трет циклус докторски студии по стоматологија во траење од три години (шест семестри):

3. По завршените студии на третиот циклус и одбрана на докторскиот труд студентот се стекнува со научниот степен доктор по стоматолошки науки и тоа:

- **Студиска програма за трет циклус – протетика,** со чие завршување студентите се стекнуваат со научен степен: доктор по стоматолошки науки – протетика;
- **Студиска програма за трет циклус - превентивно-реставративна стоматологија и ортодонција,** со чие завршување студентите се стекнуваат со научен степен: доктор по стоматолошки науки - превентивно-реставративна стоматологија и ортодонција;
- **Студиска програма за трет циклус - орална и максилофацијална хирургија** со чие завршување студентите се стекнуваат со научен степен: доктор по стоматолошки науки - орална и максилофацијална хирургија; и
- **Студиска програма за трет циклус - орална патологија и парадонтологија** со чие завршување студентите се стекнуваат со научен степен: доктор по стоматолошки науки - орална патологија и пародонтологија.

4. Составен дел на Решението е списокот на утврдени ментори, со што се определува бројот на студенти кои можат да се запишат на студиска програма од трет циклус.

5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Стоматолошкиот факултет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на трет циклус на студии (докторски), како и Одлуката за усвојување на студиските програми за Протетика ,Превентивно-реставративна стоматологија и ортодонција, Орална и максилофацијална хирургија и Орална патологија и пародонтологија од Сенатот на унивезитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, поднесе барање до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на студии од тертиот циклус (докторски студии), по стоматологија.

Одборот за акредитација на својата 30. седница одржана на 18.10.2010 година формира експертска комисија и на 35 седница одржана на 24.02.2011 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,
проф. д-р Михаил Петковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-8770/4
01.08. 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на тригодишни докторски студии на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на тригодишни докторски студии по стоматолошки науки за студентските програми по Протетика, Превентивно-реставративна стоматологија и ортодонција, Орална и максилофацијална хирургија и Орална патологија и пародонтологија на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација и евалуација, Решение бр. 12-70/6 од 04.03.2011 година за усогласување и акредитација на студиските програми од трет циклус на тригодишни докторски студии по стоматолошки науки за студентските програми по Протетика, Превентивно-реставративна стоматологија и ортодонција, Орална и максилофацијална хирургија и Орална патологија и пародонтологија, Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 03-701 од 13.05.2013 година, до Министерството за образование и наука, под наш број 13-8770/1 од 15.05.2013 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-8770/2 од 29.07.2013 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 30.07.2013 година, изврши увид и изготви извештај 13-8770/3 од 31.07.2013 година каде е наведено дека за горенаведените студиски програми од трет циклус на тригодишни докторски студии на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје се исполнети условите за почеток со работа, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 и 24/13) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" број 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Спиро Ристовски

Доставено до:
- Примач
- Архива

изготвил: Билјана Ивковска